РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Биро за развој на образованието
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS
Byroja e zhvillimit te arsimit
Бр./Nr. 09 - 170/17
17.02 2026 год./vit
СКОПЈЕ - SHKUP

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS
— Педагошка Служба - Sherbimi Pedagogjik —
Скопје - Shkup

| Примено: Pranuar: | 18 -02- 2026 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Njës. Org. | Број: Numër: | Прилог: Shtojcë: | Вредност: Vlerë: |
| | 26-49/51 | | |



До
**Министерство за образование и наука**

**Педагошка служба**

Предмет: Мислења за учебници
Врска: Ваш број 26-49/40 од 28.01.2026 година

Почитувани,

**Бирото за развој на образование** го разгледа дописот со кој Педагошката служба бара мислење во однос на ракописи за учебници по предметот Македонски јазик за осмо одделение на деветгодишното основно образование со шифра 1, шифра 2, шифра 3, шифра 4.
За подготовка на мислењата беше составена работна група со Решение број 02-170/2 од 02.02.2026 година.

Образложените мислења се во прилог.

Со почит,

Директор
м-р Милка Тримчевска
..............................................

Изработи: Работна група со Решение број 02-170/2 од 02.02.2026 година
Контролира: м-р Афродита Давко, раководител на одделение
Одобри: Ајше Ајрулаи, раководител на сектор

Министерство за образование и наука - Биро за развој на образованието
Ministria e Arsimit dhe Shkencës - Byroja e zhvillimit të arsimit
Ministry of Education and Science – Bureau for Development of Education

# МИСЛЕЊЕ

За ракописот за учебник по предметот Македонски јазик за осмо одделение со шифра 1.

Мислењето е подготвено во неколку сегменти што се однесуваат на различни аспекти од ракописот за учебник за што се дадени и соодветни забелешки и коментари.

## УСОГЛАСЕНОСТ НА СОДРЖИНАТА НА УЧЕБНИКОТ СО НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Во однос на усогласеноста на содржината на учебникот со наставната програма констатираме дека сите содржини се претставени како во наставната програма. Поимите се дел од претставените содржини.

## ИЗБОР И ПРИКАЗ НА СОДРЖИНИТЕ

Во подрачјето Јазик и комуникација претставувањето оди по рубрики и претставување на содржината како теориска основа.

Се констатира дека дел од прашањата немаат соодветна формулација, и истите може да подлежат на соодветна модификација. Дел од барањата немаат до крај јасни насоки за реализација на предложените истражувања и поврзувања со стандардите.
Користењето на извесни поими треба да се провери, како, на пример, зборот печатач кој се однесува на машина, а овде е употребен за лице.
Називот на рубриката Активности не одговара во целост на барањата од кои е сочинета самата рубрика.

Во делот Литература и изразување и творење дел од примерите се недоволно разбирливи за ученици од 8 одделение. Имено, примерите што треба да ги прочитаат учениците и да ги усвојат поимите од литературата, се од различни стилски периоди и автори кои претежно се работат во средното образование (Петрарка, Хајне, некои песни од Гане Тодоровски и слично).

Дел од прашањата не се насочени кон остварување на стандардите од делот Литература.

## ПОВРЗАНОСТ СО УЧЕЊЕТО И ПОУЧУВАЊЕТО

Учебникот е јасно структуриран. Дел од примерите од јазик и литература дополнително да се проверат (придавки, видови предмет, примери од фантастична книжевност).

## ЈАЗИК И СТИЛ

Јазикот и стилот на којшто е напишан учебникот е соодветен во најголем дел од ракописот.

ДИЗАЈН

Дизајнот кореспондира со возраста иако во одредени делови има преголема деталност.

***Сумарно мислење:***

Во согласност со изнесеното, Работната група при Бирото за развој на образование којашто го разгледуваше ракописот за учебник по предметот Македонски јазик за осмо одделение на деветгодишното образование, констатира дека презентираните содржини во ракописот главно ја следат програмата.

Бирото за развој на образование дава позитивно мислење за ракописот за учебник со шифра 1.

**МИСЛЕЊЕ**

За ракописот за учебник по предметот Македонски јазик за осмо одделение образование, шифра 2.

Мислењето е подготвено во неколку сегменти што се однесуваат на различни аспекти од ракописот за учебник за што се дадени и соодветни забелешки и коментари.

УСОГЛАСЕНОСТ НА СОДРЖИНАТА НА УЧЕБНИКОТ СО НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Во однос на усогласеноста на содржината на учебникот со наставната програма констатираме дека содржините и поимите се претставени како во наставната програма.

ИЗБОР И ПРИКАЗ НА СОДРЖИНИТЕ

Забелешките во однос на прикажаните содржини се однесуваат на обемноста на материјалот кој е организиран на принципот поврзување на старото со новото.

При започнувањето на секоја тема во секое подрачје, авторот/авторскиот тим се навраќа на изучени поими од претходните одделенија.

Прикажувањето на содржините е со повеќе повторувања, табели, таксативни набројувања, потточки и графички организатори. Истите на одредени места се во поголем број.

Активностите кои се предложени, често имаат име, но се упатени кон наставникот и напишани на начинот на кој се пишуваат во наставна програма.

Во учебникот се презентирани точни, современи, научно засновани и релевантни сознанија.

Примерите и илустрациите во ракописот за учебник се во функција на наставните содржини, но нивниот обем е голем.

Учебникот не развива и не поддржува стереотипи и предрасуди, туку промовира еднаквост и почитување на различности по сите основи.

ЈАЗИК И СТИЛ

Јазикот и стилот на којшто е напишан учебникот во делот Јазик и комуникација е повисок од можностите и когнитивниот развој на учениците. Во објаснувањата во делот Јазик честопати се користат конструкции кои се научно точни, но неприлагодени за ученици од осмо одделение на основното деветгодишно образование. Примената на поими со кои се објаснуваат други основни поими во одредени објаснувања го отежнуваат изразот.
Учебникот ги почитува јазичните и правописните норми на јазикот на кој е напишан.

ДИЗАЈН

Графичкото обликување е во согласност со возраста. Пристутни се соодветни бои и илустрации.

***Сумарно мислење:***

Во согласност со изнесеното, Работната група при Бирото за развој на образование којашто го разгледуваше ракописот за учебник по предметот Македонски јазик за осмо одделение на деветгодишното образование констатира дека обемот на презентираните содржини во еден дел од ракописот ги надминува можностите на учениците од оваа возраст, но сепак ракописот ги следи сите поставени содржини и поими од програмата.

Бирото за развој на образование дава позитивно мислење за ракописот за учебник со шифра 2.

## МИСЛЕЊЕ

За ракописот за учебник по предметот Македонски јазик и литература за осмо одделение на основното деветгодишно образование, шифра 3.

Мислењето е подготвено во неколку сегменти што се однесуваат на различни аспекти од ракописот за учебник за што се дадени и соодветни забелешки и коментари.

УСОГЛАСЕНОСТ НА СОДРЖИНАТА НА УЧЕБНИКОТ СО НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Учебникот ги следи подрачјата предвидени со наставната програма. Претставени се сите наставни содржини и сите поими кои се однесуваат на наставните содржини.
Учебникот ја следи наставната програма во поглед на застапеноста на предвидените резултати од учењето. Исто така, стандардите се видливи во претставените содржини преку делот посветен на теориското претставување на содржините, но и преку прашањата, активностите и задачите кои се дел од процесот на учење и поучување.
Деловите од ракописот за учебник се организирани според хронолошки и тематски целини, лесно достапни за учење.

ИЗБОР И ПРИКАЗ НА СОДРЖИНИТЕ

Лекциите во учебникот се презентирани на начин од кој може да се увиди што е тоа што учениците треба да го научат, од аспект на цели/очекувани резултати и наставни содржини.

Во учебникот се презентирани точни, современи, научно засновани и релевантни сознанија.

Примерите и илустрациите во учебникот се во функција на наставните содржини и се прилагодени на учениците.

Нивото на тежина на содржините во учебникот соодветствува на барањата на наставната програма и на нивото на когнитивниот развој на учениците.

Учебникот не развива и не поддржува стереотипи и предрасуди, туку промовира еднаквост и почитување на различности по сите основи. Во презентираните примери и текстови има позитивни примери за претставување и соочување со инклузивни теми

ПОВРЗАНОСТ СО УЧЕЊЕТО И ПОУЧУВАЊЕТО

Учебникот е структуриран и организиран така што овозможува прегледност и го олеснува користењето. Учебникот е напишан така што им овозможува на учениците сами да учат од него. Учебникот ги поттикнува учениците со различни предзнаења да ги прошируваат и продлабочуваат знаењата од предметот. Вклучени се актуелни примери од современата македонска и светска литература. Развиени се јасни прашања и задачи поврзани со наставните содржини. Примерите се релевантни (литературни текстови, лингвистички анализи). Илустрациите (текстуални и визуелни) го разјаснуваат материјалот, а секоја наставна содржина е јасно издвоена и прегледна.

Учебникот вклучува прашања и задачи за истражување. Предложени се активности за индивидуална и кооперативна активност.

ЈАЗИК И СТИЛ

Јазикот и стилот на којшто е напишан учебникот го олеснува разбирањето на содржините. Текстот е напишан во пасуси и секој пасус има по една носечка идеја. Речениците по должина и по конструкција се соодветни на возраста.

Учебникот ги почитува јазичните и правописните норми на јазикот на кој е напишан.

ДИЗАЈН

Графичкото обликување обезбедува целосна прегледност на структурата и содржините на учебникот. Сите илустрации што се во учебникот се изделени и логички распоредени, со точно и соодветно користење на фонтовите, симболите за означување на делови од текстот или пак рубрики. Фотографиите се со соодветна резолуција.

*Сумарно мислење:*

Учебникот по Македонски јазик за осмо одделение на деветгодишното образование со шифра 3 е прилагоден и соодветен за реализација на наставната програма. Го исполнува критериумот за прецизна содржина, јасна структура, инклузивен пристап, визуелен квалитет и поттикнување на самостојно учење.

Ракописот за учебник со шифра 3 е целосно соодветен за употреба односно за реализација на наставната програма за осмо оделение на деветгодишното основно образование.

Бирото за развој на образование дава позитивно мислење за ракописот за учебник со шифра 3.

## МИСЛЕЊЕ

За ракописот за учебник по предметот Македонски јазик за осмо одделение на деветгодишното основно образование, шифра 4.

Мислењето е подготвено во неколку сегменти што се однесуваат на различни аспекти од ракописот за учебник за што се дадени и соодветни забелешки и коментари.

### УСОГЛАСЕНОСТ НА СОДРЖИНАТА НА УЧЕБНИКОТ СО НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Во однос на усогласеноста на содржината на учебникот со наставната програма констатираме дека содржините и поимите се претставени како во наставната програма. Недостасува посебен дел за темата Читање со разбирање со приложени содржини за постигање на конкретните стандарди за оценување.

### ИЗБОР И ПРИКАЗ НА СОДРЖИНИТЕ

Лекциите во учебникот се презентирани на начин од кој може да се увиди што е тоа што учениците треба да го научат, од аспект на цели/очекувани резултати и наставни содржини. Во учебникот презентираните дефиниции се кратки, кај некои од нив недостига дообјаснување.
Некои од примерите од литература што треба да се илустрација на некои теориски поими не се соодветно избрани.
Недостасуваат прашања, активности и предлози за истражувања.
Учебникот не развива и не поддржува стереотипи и предрасуди, туку промовира еднаквост и почитување на различности по сите основи.

ПОВРЗАНОСТ СО УЧЕЊЕТО И ПОУЧУВАЊЕТО

Учебникот е структуриран и организиран така што овозможува прегледност, но недостигаат некои прашања и активности кои ќе овозможат ставање на изученото во реален контекст или пак поттикнување на учениците за проширување и продлабочување на знаењата. Критичкото мислење не е поттикнато преку зададените задачи.

ЈАЗИК И СТИЛ

Јазикот и стилот на којшто е напишан учебникот го олеснува разбирањето на содржините. Учебникот ги почитува јазичните и правописните норми на јазикот на кој е напишан.

ДИЗАЈН

Графичкото обликување со распоред, рубрики и бои е соодветно на возраста. Секој сегмент, наставна содржина е јасно поставена во соодветно подрачје.

***Сумарно мислење:***

Учебникот по Македонски јазик за осмо одддление на деветгодишното основно образование со шифра 4 не е прилагоден и соодветен за реализација на наставната програма.

Бирото за развој на образование дава негативно мислење за ракописот за учебник со шифра 4.

Изготвија:
д-р Марина Димитриева-Ѓорѓиевска, советник
м-р Јанко Билбилоски, советник
Оливера Тодороска, советник
м-р Гордана Здравевска-Томеска, советник